РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-10800/3-08
30.01. 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 став 2, а во врска со член 185 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08 и 103/08) и член 220 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 38/05 и 110/08), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе**

1. Со ова решение се утврдува дека може да почне со работа приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт „Гаврило Романович Державин" со Факултет за економика и организација на претприемништво и Факултет за психологија во Свети Николе.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

По извршените подготовки, основачот поднесе барање број 12-10800/1 од 29.12.2008 година, за остварување увид на исполнетоста на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт „Гаврило Романович Державин" со Факултет за економика и организација на претприемништво и Факултет за психологија во Свети Николе.
Комисијата формирана со Решение на Министерот за образование и наука број 12-435/1 од 22.01.2009 изврши увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе, согласно Законот за високо образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високоообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

По извршениот увид Комисијата поднесе Извештај број 12-10800/2 од 30.01.2009 година до Министерот за образование и наука по однос на исполнетоста на условите за почеток со работа на приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство: Против ова решение во рок од 15 дена може да се изјави жалба до Владата на Република Македонија – Комисија за решавање на прашања од областа на образование, култура и спорт**

**МИНИСТЕР,**
**Перо Стојановски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ * 3

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**